ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

`

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

НА ЕЛЕМЕНТИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ

ЗА 2018 ГОДИНА

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СМЕТКАТА – СВЕТСКА БАНКА

01 2019 02 01/2

**Скопје, декември 2019**

С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


| | |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 9 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на приходи и расходи | 10 |
| Биланс на состојба | 11 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 12 - 14 |
| - Сметководствени политики | 14 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 15 |

Кратенки користени во извештајот:

РСМ- Република Северна Македонија
АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија
Агенција - Агенција за вработување на Република Северна Македонија
МТСП - Министерство за труд и социјална политика
ОП – Оперативен план
ОУ – Оперативни упатства
ЦВ – Центар за вработување
ЦС – Централна служба
УПН – Условен паричен надоместок

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-140/10

Дата: 19.12.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на елементи на финансиските извештаи, кои се состојат од елементи на биланс на состојба на ден 31 декември: Други АВР - Парични надоместоци и субвенции и Други обврски спрема вработените и елементи од билансот на приходи и расходи: Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување, заедно со ревизија на усогласеност на сметката – Светска банка, од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст Агенција) за 2018 година.

За елементи на финансиските извештаи на Агенцијата за 2018 година изразено е мислење без резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности од елементите на финансиските извештаи предмет на ревизија и мислење со резерва за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за оваа сметка на Агенцијата за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на елементите на финансиските извештаи на сметката–Светска банка при Агенцијата констатирано е следното:

- со Оперативните упатства (ОУ) за 2018 година не е опфатена Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик, мерка која произлегуваат од претходната години (ОП-2017) а се реализира со ОП за тековната година без утврдени потребни чекори и активности, не се врши проверка на почитувањето на обврските од договорот

од страна на ЦВ  и доставување на записник до Централната служба (ЦС) на Агенцијата.

- не е предвидена форма за поврзаност односно воспоставување на интегриран систем во делот на задолжување и исплата по правни лица/физички лица кои се одвиваат преку електронскиот систем за активни мерки со финансиското сметководство, а од страна на Одделението за сметководствени работи исплатите на корисниците се евидентираат рачно по комитенти, но поради голем број на корисници  можни се пропусти во усогласување на искажаните податоци на сметките од Билансот на состојба.

Законскиот застапник на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија не достави забелешки по утврдените состојби на Нацрт извештајот заведен под број 16 – 140/5 од 22.08.2019 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените елементи на финансиски извештаи на страните од 10 до 11 заедно со ревизија на усогласеност на сметката – Светска банка на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, кои се состојат од елементи на биланс на состојба на ден 31 декември: Други АВР - парични надоместоци и субвенции и Други обврски и елементи од Билансот на приходи и расходи: Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување, за годината која завршува на тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на елементите на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за оваа сметка на Агенцијата за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на Агенцијата застапуван од:

- Билјана Јовановска, вршител на должноста директор од 03.08.2017 до 13.03.2018 година, а потоа директор.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за елементите на финансискиот извештај од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во елементите од финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали трошоците се остварени/користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали елементите на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на елементите на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на елементите на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали елементите на финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали елементите на финансиските извештаи, од биланс на состојба на ден 31 декември: Други АВР плати и надоместоци и парични надоместоци и субвенции и Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените и елементи од билансот на приходи и расходи: Плати и надоместоци и Плаќање на надоместоци од Агенцијата за вработување се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за елементите на финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на елементите на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали

активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во елементите на финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Елементите на Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот 01.03.2019 до 13.06.2019 година кај Агенцијата од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 28 јуни 2019 година.
Законскиот застапник на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија не достави забелешки по утврдените состојби на Нацрт извештајот заведен под број 16 – 140/5 од 22.08.2019 година.

**Констатирани се следните состојби:**

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со Оперативниот план за 2018 година Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик (УПН) од ОП-2017 година (финансирана од кредит од Светска банка) е опфатена со активната мерка Субвенционирање на плати и истата да се имплементира заклучно со февруари 2018 година.

<u>Цел на програмата од ОП-2017 е да се поттикнат работодавачите да вработуваат лица од социјален ризик.</u>
Во бројот на опфатот на лицата и износот на средствата на оваа мерка УПН за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик со ОП од 2018 година е предвидено да бидат опфатени 83 лица од ОП-2017 година а ќе се финансира преку МТСП со кредит од Светска банка во износ од 11.510 илјади денари.

Проектен циклус за реализацијата на мерката според ОУ од 2017 година ќе се спроведува низ **две** главни фази, и повеќе активности и тоа: ➔ **формирање на проектен одбор** ➔ **јавен повик** ➔ **утврдување на припадност на одредена целна група** ➔ **селекција на работодавачи** ➔ **посредување меѓу пријавените**

**работодавачи и невработените лица ➔ склучување на договор ➔ засновање на работен однос ➔ исплата следење и реализација**.

Субвенцијата се исплаќа во два износи – еден понизок (17.500) за лицата кои немаат квалификации и еден повисок (19.500) за оние лица со повисок степен на образование и овие износи се исплаќаат во текот на првите 6 месеци од периодот на субвенционирано вработување. Дополнително на ова, во текот на првите 6 месеци од периодот на субвенционираните вработувања, на работодавачот му се исплаќаат по 5 илјади денари по вработено лице преку оваа програма и истите се наменети за покривање на трошоците за обука и материјали.

Во 2018 година при реализација на мерката вкупно се склучени 67 Договори со работодавачи кои вработиле 80 лица, а со исплата во износ од 11.510 илјади денари во 2018 година на корисниците, реализацијата на програмата е завршена.

**<u>Од извршениот увид во дел од предметите за Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик (УПН) констатирано е следното:</u>**

- во рамките на Оперативните упатства за 2018 година не се утврдени потребни чекори и активности за спроведување на наведената мерка, поради што ревизијата не можеше да го потврди дали е формиран проектниот одбор и преземените активности за припадност на одредена целна група, како е извршена селекција на работодавачите и за делот на посредување меѓу пријавените работодавачи и невработените лица;

- со ОП за 2018 година (во делот на мерката 2.1 Субвенционирање на плати) наведено е дека е опфатена Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик од ОП-2017 година во износ од 11.510 илјади денари која ќе се имплементира заклучно со февруари 2018 година. Меѓутоа програмата трае после тој период, односно евидентирани се исплати износ од 1.357 илјади денари и по истекот на 6 месеци од утврдениот период со договорите, односно извршена ненавремена исплата на поднесени барања за 8 месец во 12.2018 година;

- во 2018 година склучени се договори помеѓу АВРСМ и работодавачите со кои е регулирано да се врши исплата на субвенцијата во висина од бруто месечна плата (за лицата кои немаат квалификации од 17,5 илјади денари и од 19,5 илјади денари на лица со повисок степен на образование) во текот на првите 6 месеци од периодот на субвенционирано вработување но износот не е регулиран со ОП и ОУ за 2018 година, а со ОП и ОУ за 2017 година субвенцијата се предвидува да се исплаќа од 14,9 / 17 илјади денари по вработено лице;

- за Програмата за условен паричен надоместок (УПН) за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик, не е утврдено вршење на проверка од страна на ЦВ од аспект на почитувањето на обврските од договорот и теренски посети на правните субјекти, изготвување и доставување на записник до АВРСМ. Односно од страна на одговорните лица во ЦВ и координаторот на мерката и ЦС не се вршени теренски посети во работодавачите и изготвени записници за извршена проверка на почитувањето на обврските од договорот, дали работодавачот кој вработува невработено лице го задржал лицето во работен однос за периодот на субвенционирање утврден со договорот;

- за Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик (УПН) со ОУ не е предвиден формат на извештај, записник за преземени активности за мониторинг и теренска контрола од страна ЦВ извршени кај работодавачите.

**Препорака**
Органите на управување и раководење при изготвување на ОУ да преземат активности да се опфатат сите мерки кои ќе бидат реализирани со ОП за тековната година, да бидат утврдени потребните чекори и активности и мерки кои произлегуваат од претходните години, а од страна на ЦВ да се постапува согласно упатствата.

**3.2. Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

3.2.1. Со извршениот увид во сметководствената евиденција и документацијата прилог кон исплатата, ревизијата констатира неусогласеност на евидентираните обврски на сметката Обврски за други плаќања на АВРСМ - Светска банка - Субвенционирање на корисници на социјална помош со сметката Други АВР - Парични надоместоци и субвенции односно со искажаниот износ на расходи на ставката Други плаќања од Агенција за вработување - Светска банка во делот на прометот за износ од 156 илјади денари.

Имено не е предвидена форма за поврзаност во делот на задолжување и исплата по правни лица/физички лица кој се одвиваат преку електронскиот систем за активни мерки со финансиското сметководство, а Одделението за сметководствени работи исплатите по корисници ги евидентира рачно по комитенти, а поради големиот број на корисници настанати се пропусти при евиденција на обврските со конечната исплата по комитенти. Наведеното не е во согласност со член 7 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Од страна на Агенцијата обезбеден е банков извод и барање за исплата од страна на ЦВ со кое се потврдува исплатата согласно поднесените барања по корисници со што исплата за овој вид на расходи е потврдена.

**Препорака**

Директорот и одговорните лица во Агенцијата да преземат активности:

- да се воспоставен интегриран систем на поврзаност со финансиското сметководство со соодветен начин на евиденција и искажување на обврските.
- за редовно усогласување на пресметаниот со исплатениот износ на средства кои се однесуваат на активни програми и мерки за вработување.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 3.1. до 3.2., кои се основ за изразување мислење, се:

- при изготвување на ОУ не е опфатена Програмата за условен паричен надоместок за субвенционирано вработување на лица во социјален ризик, мерка која произлегуваат од претходната години (ОП-2017) а се реализира со ОП за тековната година и не се утврдени потребни чекори и активности, а ЦВ немаат преземено активности за вршење на проверка на почитувањето на обврските од договорот и достави записник до АВРСМ-ЦС.
- не е воспоставен интегриран систем на поврзаност со финансиското сметководство со соодветен начин на евиденција и искажување на обврските.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, елементите на финансиските извештаи кои се предмет на ревизија ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, на ден 31 декември 2018 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во елементите на финансиските извештаи предмет на ревизија на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Социјални бенефиции | 3.1.1.1 | 10.860 | 6.595 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10.860** | **6.595** |
| **Вкупно расходи** | | **10.860** | **6.595** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2018 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1 | 0 | 51 |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.1.2 | 0 | 51 |